МК

\\ English below \\

Здружение за интердисциплинарни истражувања и практики во современата уметност
СТУДИО ПРИВАТЕН ПРИНТ Скопје
- PrivatePrint Studio -

29.04.2020

# Годишен извештај за 2019 година

PrivatePrint Studio официјално е основано во 2018. Неофицијално функционира како уметничко студио од 2016, преку активностите на првиот независен издавач на уметнички книги во Северна Македонија. Главните цели на студиото се основаат на интердисциплинарни истражувања и практика во современата уметност и култура со особен акцент на уметничката книга, графичкиот дизајн и други медиуми на современата уметност видени во поширок социо-културен контекст. Работата на студиото се развива од специфичните потреби на нашиот локален културен систем во смисла на отворање на простор, платформа за подобра видливост и поврзаност на институционално помалку видливите уметници и уметнички практики во локалниот контекст, како и размена на идеи на меѓународно поле.

## Цели на PrivatePrint Studio

- Научно-истражувачка цел во врска со поддршка, промоција и имплементација на интердисциплинарни истражувања и практики во современата уметност и култура.

- Афирмирање, проучување и продукција на уметнички книги како современо уметничка практика, во поширок културно-општествен контекст.

- Развој на уметничкото образование во поширок општествен контекст во врска со новите и прогресивни уметнички практики, како и во врска со уметничката книга како медиум за израз во современата уметност и средство за поширока институционална и вонинституционална комуникација.

- Афирмирање на партиципативен, инклузивен и критички пристап во културно-општествени рамки, со цел развој на активно граѓанство.

- Создавање, промовирање, архивирање, документирање на прогресивни и иновативни уметнички практики и уметничко-културна продукција, како и на помалку застапени современи уметнички практики и теми.

- Подигање на свеста за новите медиуми и форми на израз во современата уметност, на македонската културно-општествена сцена и интернационално.

- Поттикнување на соработка во рамки на независниот културен сектор и меѓу самостојните уметници на домашен и на меѓународен план, како и директна соработка со државните културни институции на локално и централно ниво.

# Активности во 2019 година

**I. „ИЗЛОЖБИ ВО СОСЕДСТВОТО“**, проект поддржан од Министерство за култура на Република Северна Македонија, сектор за интердисциплинарни проекти. Во склоп на проектот беа реализирани три изложби со интердисциплинарен пристап кои целосно го користат просторот на студиото и експериментираат со различни медиуми и комуникација со публиката. Проектот ја сублимира идејата на PrivatePrint Studio да биде на преминот помеѓу јавното и приватното.



**I look at them, they look back at me**
изложба на Ледиа Костандини
22.6.-19.7.2019

Изложена беше серија од дела во различни медиуми кои претставуваат импресии, умствени слики и метафори за балконот и за животот на него. Концептот на изложбата се развиваше во насока на преиспитување на врските помеѓу приватното и јавното преку самите дела и преку нивното позиционирање и во внатрешниот и во надворешниот простор на Студиото. На тој начин, изложбата природно се поврзува со практиката на самото PrivatePrint Studio, каде границите помеѓу приватното и јавното се испреплетуваат и, постојано, се преобмислуваат.

Ледиа Костандини е албанска уметничка која живее и работи во Тирана. Соработката помеѓу PrivatePrint и Ледиа започнува во 2017 година со нејзиното графичко решение за првиот број на зинот Paper Works на PrivatePrint. Ова е нејзина прва изложба во Северна Македонија.



**Metaphors**
изложба на Илија Прокопиев
19-28.9.2019

Изложбата имаше процесен карактер и се случуваше во период од две недели. Процесот на местење на изложбата беше отворен за публиката во студиото, но и достапен преку постојаната комуникација на социјалните медиуми во форма на фотографии и специјално снимени и уредени видеа од самиот автор. Затворањето на изложбата, на 28 септември, истовремено, го назначува и крајот на процесот на поставување на изложбата. Целината на изложбата освен на последниот ден, може да се проследи во секое време и на социјалните медиуми на PrivatePrint Studio, како и да се погледнат видеата на YouTube каналот.

Илија Прокопиев е македонски визуелен уметник, издавач и графички дизајнер. Сосновач е на PrivatePrint.

**Space Composition**
изложба на Марта Шиндил
9-22.11.2019



Изложба на фотографии, промотивна изложба за фото-патописот на Марта Шиндил, издание на PrivatePrint. Издавањето на оваа книга, фото-патопис од Јапонија на архитектката Марта Шиндил, тргува со идејата дека анализата на јапонската мисла за просторот може да се пронајде, иако веќе можеби заборавена или затрупана, во урбанизмот на Скопје токму преку урбанистичкиот план на Кензо Танге во кој несомнено тој го пренел јапонското поимање на просторот.

Марта Шиндил е македонска архитектка и фотографка која живее и работи во Париз. Оваа книга е нејзина прва фотографска книга.

## II. ВО PRIVATEPRINT STUDIO БЕА РЕАЛИЗИРАНИ УШТЕ ДВЕ ИЗЛОЖБИ

**Never not in love**
изложба на Дарко Алексовски
18-24.5.2019



Never not in Love (Никогаш незаљубен) е интердисциплинарен и партиципативен уметнички проект составен од две серии дела: Љубовни писма на осаменоста и Бранови. Љубовните писма на осаменоста тргнуваат од интимно обраќање во форма на писмо, на начин на кој е поништена можноста за хронолошко лоцирање, и се понудени на публиката за исчитување со можност за влегување во еден личен свет со емоционални прашања и состојби кои е тешко да се преведат во зборови. Целината е составена од седум дела создадени на машина за пишување (марка UNIS tbm). Напишани се во 2018 година. Оригиналната содржина на текстовите е пишувана и коригирана во различни периоди во последните две години. Бранови е дело во простор, составено со мултиплицирање на една фотографија. Фотографијата е испечатена во доволен број примероци со цел да го покрие целиот изложбен простор околу писмата, на начин што создава амбиент кој го контекстуализира читањето на писмата. Фотографијата на која се гледа море со бранови, е снимена непосредно во периодот кога се напишани и писмата и испечатена е на розови листови хартија за визуелно и содржинско доближување на двете целини.

Проектот е реализиран на основа на заемна доверба и континуитет во соработката помеѓу Дарко Алексовски и PrivatePrint Studio.

**Споменик на слободата - разговорник**
промотивна изложба за книгата на Елена Чемерска, издание на PrivatePrint
18-24.10.2019



Книгата „Споменик на слободата - разговорник", во издание на PrivatePrint, е документарен проект на Елена Чемерска кој содржи интервјуа кои се осврнуваат на Споменикот на слободата во Кочани (дело на Глигор Чемерски и Радован Рaѓеновиќ) од аспект на уметноста, архитектурата и социокултурниот контекст. Книгата вклучува новинарски и есеистички текстови поврзани со споменикот, како и архивски и визуелен материјал. Книгата е двојазична, на македонски и на англиски. На промотивната изложба ќе бидат претставени дела на Елена Чемерска работени во склоп на поширокиот авторски проект поврзан со Споменикот на слободата во Кочани.

## III. МЕЃУНАРОДНИ УЧЕСТВА И ПРЕТСТАВУВАЊА НА PRIVATEPRINT

**Miss Read**
саем на уметнички книги во Берлин
каде промотивно беше претставена интерактивната книга The Curatables на Ефемерки, издание на PrivatePrint
04.5.2019




Интерактивна презентација на проектор на книгата The Curatables, со претставување на апликацијата која ја надополнува оваа книга со видео и анимација, создавајќи ѝ дополнителен слој на интеракција со публиката. Заедно со материјалите, pop-up објектот во самата книга, таа претставува вистинска перформативна книга на уметничкото дуо Ефемерки, чија работа и се одвива на основата на перформансот.

**Саем на уметнички книги во Атина**
Презентација: Уметничкото издаваштво во Северна Македонија и проектот PrivatePrint
08.9.2019



Илија Прокопиев и Марија Христова, основачи на PrivatePrint одржаа презентација на првото издание на саемот на уметнички книги во Атина. Оваа презентација, како и самото учество на саемот, е од исклучително значење за воспоставување на културни врски со Грција, особено што развојот на уметничкото издаваштво, особено во Атина, е на високо ниво.

**IV. БЛОГ НА PRIVATEPRINT STUDIO** - на блогот како дел од веб-страницата на PrivatePrint објавуваме истражувачки текстови, есеи, детални осврти на настани од наш интерес (саеми на уметнички книги, современо-уметнички настани и сл.), особено значајна рубрика е PP Talk во која интервјуираме (видео или пишано интервју) уметници кои работат првенствено со уметничката книга како медиум за израз, но и со останати уметнички интердисциплинарни практики. Блогот претставува платформа за споделување на истражувања, знаења, информации и афирмирање на интердисциплинарни ракитики во современата уметност, со особен акцент на уметничката книга сфатена во поширок социо-културен контекст.

Блогот на PrivatePrint во 2019:

9 објави \ 6 автори \ 2 PP talks \ 3 есеи \ 2 осврти \ 2 преводи

## V. КОМУНИКАЦИЈА СО НАШАТА ЗАЕДНИЦА

8 newsletters испратени до 137 претплатници

106 објави на Facebook \ 57 објави на Instagram \ 4 видеа на YouTube

Вкупно следачи на крајот на 2019: 1713 на Facebook \ 688 на Instagram

Од нив нови следачи: 248 на Facebook \ 121 на Instagram

## VI. СОРАБОТКА СО НЕЗАВИСНИОТ СЕКТОР

На крајот на 2019 година PrivatePrint Studio стана дел од ЈАДРО - асоцијација на независната културна сцена.

EN

Association for interdisciplinary research and practices in contemporary art
STUDIO PRIVATEN PRINT Skopje
- PrivatePrint Studio -

29.04.2020

# Annual Report 2019

PrivatePrint Studio is officially established in 2018. Unofficially functions as exhibition and art studio space since 2016, through the activities of the first specialized independent art book publisher in North Macedonia. The main goals of the Studio are focused on interdisciplinary research and practice in contemporary art and culture, with a special attention to the art book, design and other media of expression in contemporary art seen in a larger socio-cultural context. The Studio's work develops from the specific needs of our local cultural system in the sense of providing a space, a platform for better visibility and interconnecting of the non-established artists and artistic practices in the local context as well as exchange of ideas internationally.

## PrivatePrint Studio Goals

- A scientific-research aim related to the support, promotion and implementation of interdisciplinary research and practices in contemporary art and culture.

- Affirmation, study and production of artists' books as a contemporary art practice, in a wider cultural and social context.

- Developing art education in a wider social context and in relation to new and progressive art practices, as well as in relation to the artists' book as a medium in contemporary art and a means of wider institutional and non-institutional communication.

- Affirming a participatory, inclusive and critical approach in a cultural and social context, with the aim of developing active citizenship.

- Creating, promoting, archiving and documenting progressive and innovative art practices and artistic and cultural production, as well as less common contemporary art practices and themes.

- Raising awareness about new media and forms of expression in contemporary art, on the Macedonian cultural and social scene and internationally.

- Promoting cooperation as part of the independent cultural sector and between independent artists at home and internationally, as well as direct cooperation with state cultural institutions at a local and central level.

# Activities in 2019

**I.** ***EXHIBITIONS IN THE NEIGHBORHOOD***, a project financially supported by the Ministry of Culture of the Republic of North Macedonia, sector for interdisciplinary projects. As part of the project were realized exhibitions with an interdisciplinary approach that spread throughout the entire space of the studio and experimented with different media and communication with the public. The project is a summary of the idea of PrivatePrint Studio to be position in-between the public and private domains.

**I look at them, they look back at me**
an exhibition by Ledia Kostandini
22.6.-19.7.2019



It was exhibited a series of mixed media works which unfold impressions, mind images and metaphors of the balcony and the life therein. The concept builds from there to examine the relation between private and public through the works themselves and through their positioning in both the indoor and outdoor spaces of the Studio. This way, the exhibition inherently connects with the practice of PrivatePrint Studio itself, where the borders between the private and public intertwine and are always redefined.

Ledia Kostandini is an Albanian artist based in Tirana. The collaboration between PrivatePrint and Ledia begins in 2017 with her design of the first number of PrivatePrint's Paper Works zine. This is her first exhibition in North Macedonia.

**Metaphors**
an exhibition by Ilija Prokopiev
19-28.9.2019



The exhibition had a procedural nature that took place in a period of two weeks. The process of setting and organizing of the exhibition was open to the public in the Studio, as well as available through the on-going communication at the social media in form of photographs and specially filmed and edited videos by the author. The closing of the exhibition, or September 28, also marked the end of the exhibition installation process. The whole exhibition, except on the last day, is available on view at any time at the social media of the Studio. The viewer can see the videos at the YouTube channel of the studio, as well.

Ilija Prokopiev is a Macedonian visual artist, publisher and a graphic designer. He is co-founder of PrivatePrint.

**Space Composition**
an exhibition by Marta Sindil
9-22.11.2019



A photo exhibition and a promotion exhibition for Marta Sindil's photo travelogue, a new publication by PrivatePrint. The release of this book, a Japanese travelogue by architect Marta Sindil, deals with the idea that the analysis of Japanese thought about space can be found, though perhaps forgotten or buried, in Skopje's urbanism precisely through Kenzo Tange's urban plan, where he undoubtedly transferred the Japanese notion of space.

Marta Sindil is a Macedonian architect and photographer based in Paris. This is her first photo book.

## II. TWO MORE EXHIBITIONS AT PRIVATEPRINT STUDIO

**Never not in love**
an exhibition by Darko Aleksovski
18-24.5.2019



*Never not in Love* is an interdisciplinary and participatory art project composed of two series of works: *Love Letters of Loneliness* and *Waves*. *Love letters of Loneliness* originate from intimate confessions in a letter form, without a possibility of them being chronologically located, and are offered to the audience to be read with the opportunity given to the reader to enter into a personal world with emotional issues and situations difficult to translate into words. The series is composed of seven works created on a typewriter (brand UNIS tbm). These are unaddressed and never sent letters, but directed to specific people. The original content of the texts has been written and corrected at various times in the last two years, in the form of a diary and notes, and typed on a machine in 2018. *Waves* is a site-specific installation, composed of multiplication of one photo. The photograph is printed in enough copies to cover the entire exhibition space around the letters, in a way that creates the environment that contextualizes the reading of the letters. The photo, representing sea with waves, is taken in the period when the letters were written and is printed on pink sheets of paper in order that the two entities merge through their visuality and content.

The project was realized on the basis of mutual trust and continuity of the cooperation between Darko Aleksovski and Private Print.

**Monument to Freedom - Conversations**
a promotional exhibition of
Elena Čemerska's book,
published by PrivatePrint
18-24.10.2019



The book "Monument to Freedom - Conversation", published by PrivatePrint, is a documentary project by Elena Čemerska consisted of interviews about the Monument to Freedom in Kočani (a work by Gligor Čemerski and Radovan Ragjenovikj) focused on its artistic, architectural, and socio-cultural aspects. The book includes articles and essays connected to the monument, as well as archival and visual material. The book is bilingual, Macedonian and English. The promotional exhibition will show works by Elena Čemerska created as part of the wider author's project about the Monument to Freedom in Kočani.

## III. PRIVATEPRINT'S INTERNATIONAL PARTICIPATIONS AND PRESENTATIONS

**Miss Read**
art book fair in Berlin where we held a promotion
to the interactive book The Curatables by
Ephemerki, published by PrivatePrint
04.5.2019




An interactive promotion using a projector to present the book The Curatables. The application made for the book was presented as well, it is an additional layer to the book that enriches it with video and animation. Together with the chosen materials for the production of the book, the pop-up object in the book, it becomes a real performative book by the art duo Ephemerki, whose work bases on the performance.

**Athens Art Book Fair**
Artists' talk: Artist Publishing in North Macedonia
and the PrivatePrint project
08.9.2019



Ilija Prokopiev and Marija Hristova, founders of PrivatePrint, held an artists' talk at the first edition of Athens Art Book Fair. This talk, as well as the very participation at the fair, is of great importance for implementing cultural relations with Greece, especially taking into consideration that the development of art publishing, especially in Athens, is at a solid level.

## IV. PRIVATEPRINT STUDIO'S BLOG

- at our blog, as part of PrivatePrint's web-site we publish research, essays, detailed overviews of events of our interest (art book fairs, contemporary art events etc.). Of great importance are the PP Talks, a section with interviews (video or written) with artists mainly working in the field of the art book as a medium of expression, or in other interdisciplinary art practices. The blog is a platform for sharing of research, knowledge, information, as well as raising awareness for the interdisciplinary practices in contemporary art, with a special accent to the art book seen in a wider socio-cultural context.

PrivatePrint's Blog in 2019:

9 posts \ 6 authors \ 2 PP talks \ 3 essays \ 2 overviews \ 2 translations

## V. COMMUNICATION WITH OUR COMMUNITY

8 newsletters sent to 137 subscribers

106 Facebook posts \ 57 Instagram posts \ 4 YouTube videos

A total of followers at the end of 2019: 1713 on Facebook \ 688 on Instagram

Of them, new followers: 248 on Facebook \ 121 on Instagram

## VI. COLLABORATION WITH THE INDEPENDENT CULTURAL SECTOR

At the end of 2019 PrivatePrint Studio has become a member of JADRO - Association of the Independent Cultural Scene.